Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 03.03.2024

На 02.03.2024, врз основа на судска наредба, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Прилеп – СВР Битола во координација со полициски службеници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Бирото за јавна безбедност извршиле претрес во просторија во Казнено – поправната установа Затвор Прилеп. Исто така, со судска наредба полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Прилеп – СВР Битола извршиле претрес и во викенд куќа во близина на Казнено – поправната установа Затвор Прилеп. При претрес во просторијата во затворот, каде што казна затвор издржуваат Д.Д.(41) од с.Ливада, струшко и Н.Н.(34) од Прилеп, во шкафот на Н.Н. биле пронајдени една кеса и повеќе помали пакувања со марихуана, две дигитални ваги, пари во различни апоени и валути и други предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело. Додека, при претрес во викенд куќата, сопственост на Б.К.(77) од Прилеп, која ја користел И.К.(47) од Прилеп, а кој исто така, издржувал казна затвор во Затворот Прилеп, биле пронајдени и одземени две кеси со марихуана и дигитална вага. Во врска со настанот бил приведен сопственикот на викенд куќата. Известен бил јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (03.03.2024) во 03.30 часот во с.Арачиново, скопско, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје во содејство со Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Ѓ.(31) и А.С.(35), двајцата од село Арачиново. А.Ѓ. бил осуден на казна затвор од осум години и шест месеци за сторени кривични дела „криумчарење мигранти" по член 418 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Казнено – поправната установа Затвор Идризово поради бегство од затворот, каде што имал за доиздржување на четири години и три месеци од казната. Додека, А.С. бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор од 10 месеци за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по член 144 од Кривичниот законик. Лицата биле предадени во Полициската станица Гази Баба, по што ќе бидат спроведено во надлежната казнено – поправни установи за издржување на казната.

Денеска (03.03.2024) во 00.30 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода В.Т.(28) од Струмица. Тој претходно бил забележан како на локација во Струмица оставка пакување со кокаин, кое било пронајдено од полициски службеници. Во службениот разговор во Полициската станица Струмица тој го признал делото. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот против В.Т. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (03.03.2024) во 01.30 часот во Струмица, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода Н.Р.(21) и А.К.(21), двајцата од Струмица, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. За настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по негово документирање ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 14.10 часот на подрачје на Центар во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна единица при СВР Скопје го лишиле од слобода К.Л.(25) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 20.40 часот на подрачје на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна единица при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.В.(40) од Скопје затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (03.03.2024) во 01.30 часот на Граничен премин Јажинце, полициски службеници го лишиле од слобода О.Л.(38) од Тетово затоа што при гранична проверка било констатирано дека евидирал со мерка „апси" по барање на СВР Скопје. Лицето било предадено на полициски службеници во Полициската станица Кисела Вода за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.03.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 141 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 59 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за управување под дејство на алкохол...

Во текот на изминатата вечер (02/03.03.2024) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 19 возачи, од кои 9 во Битола, 4 во Прилеп и по два во Ресен , Македонски Брод и Крушево. При контролата биле откриени 12 останати прекршоци.

На 02.03.2024 во 18.15 часот во СВР Штип било пријавено дека на магистралниот пат Велес-Штип се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „бмв" со радовишки регистарски ознаки, управувано од А.А.(29) од с.Супрге, радовишко и патничко возило „сузуки" со светинколски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(66) од с.Каратманово, општина Лозово. Во несреќата, од здобиените повреди на местото починал возачот В.П., а смрт констатирал лекар од Итна медицинска помош. Сопатничката во возилото „сузуки", Б.П.(60) се здобила со тешки телесни повреди констатирани во комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Возачот А.А. се здобил со телесни повреди,. По извршениот увид, по наредба на јавен обвинител, полициски службеници од ОВР Свети Николе го лишиле од слобода возачот А.А. за понатамошна постапка.

На 02.03.2024 во 20.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на обиколница на Град Скопје, патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ќ.М.(34) од Скопје, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила неговата сопатничка Н.М.(29), а со телесни повреди се здобиле возачот и сопатниците Х.Р.(27) и Д.С.Р.(19), сите од Скопје, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.03.2024 во 18.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопат Тетово – Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген поло" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.М. (34) од с.Желино, тетовско, патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ш.М. (56) од с.Батинци, скопско и патничко возило „ауди" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од П.Ф.(37) од Гостивар. Во несреќата тешки телесни повреди се здобиле сопатниките во возилото „поло", Ш.Л. и Р.Х., а возачот и другиот сопатник К.Ѓ., сопатникот во возилото со скопски регистарски ознаки И.К и возачот на возилото „ауди" со гостиварски ознаки и неговите сопатници А.Ф. , Б.Ф., Л.Ф., М.В., и Л.В. се здобиле со телесни повреди, констатирани во Клинички центар Тетово. По одговарање на јавен обвинител извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 02.03.2024 во 21.40 часот во Полициската станица Чаир, Х.И. (20) од Скопје пријавила дека на ул.„ Бутелска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 02.03.2024 во 23.15 часот во Полициската станица Гевгелија, Е.И.(36) од Гевгелија пријавил дека на ул.„Илија Миов" во Гевгелија бил каснат од куче со сопственик.

Денеска (03.03.2024) во 01.30 часот во Тетово, полициски службеници од Полициската станица Тетово го лишиле од слобода Р.С.(28) од Тетово затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.03.2024 во 02.15 часот во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Т.Т.(35) од с.Долно Оризари, битолско. Тој се сомничи дека на 02.03.2024 околу 22.30 часот со запалива течност предизвикал пожар во казино на ул. „Лазо Трповски" во Битола. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ј.П.(38) од Македонски Брод поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". При преглед во неговото возило „форд фиеста", извршен во близина на селото Србјани, полициските службеници пронајдоа и одзедоа марихуана.

Ноќеска (2/3 март) од 22.00 до 04.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола за санкционирање на возачите кои управуваат возила под дејство на алкохол. При контролата биле откриени и санкционирани вкупно 17 возачи (ТЕ-9 и ГВ-8), кај кои било утврдено присуство на алкохол во крвта најмногу до еден и пол промили, а кај двајца(ТЕ-1 и ГВ-1) до два промили. Сите се исклучени од сообраќај и изготвени им се законски предвидените поднесоци со парични глоби од 225 до 375 евра во денарска противвредност. При контролата, исто така, биле санкционирани и 15 други видови сообраќајни прекршоци.

На 02.03.2024 во 15.30 часот, полициски службеници од Полициската станица Штип го лишиле од слобода Н.М.(46) од Штип затоа што во семејниот дом, по претходна расправија, физички ја нападнал својата невенчана 39-годишна сопруга, при што употребил тврд и остар предмет. По документирање на случајот, ќе следува соодветна пријава.

На 02.03.2024 во 16.10 часот во СВР Куманово, М.К.(46) од село Лојане, липковско, пријавил дека во 15.00 часот во село Никуштак, липковско, едно лице физички го нападнало и му се заканило со огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.03.2024 во 17.40 часот во СВР Штип, Д.К. од Штип пријавил дека околу 17.30 часот во автоперална во Штип неговиот син М.К.(20) бил физички нападнат од Д.Ч.(29) од с.Крупиште, општина Карбинци. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Гостивар, 36-годишна жена од Гостивар пријавила дека во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг Н.И. од Гостивар. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 18.30 часот во Полициската станица Аеродром, 26-годишна жена од Скопје пријавила дека околу 18.20 часот на подрачје на општина Аеродром, по претходна расправија, била физички била нападната од нејзиниот сопруг Б.П.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.03.2024 во СВР Куманово, А.З.(29) од Куманово пријавил дека околу 03.40 часот во село Черкези, кумановско, А.Д. и С.К. му се заканиле со огнено оружје и го нападнале со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (03.03.2024) во 03.24 часот во СВР Штип, С.Д. пријавил дека околу 03.10 часот во угостителски објект во Штип бил физички нападнат од А.М.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 14.15 часот во Полициската станица Радовиш, 20-годишна жена од Скопје пријавила дека во домот била физички нападната од својот вонбрачен сопруг Т.Н. од Радовиш. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 16.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Гази Баба, по претходна расправија, во двор од куќа бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу 25-годишен маж од една страна и неговите 72-годишна баба и 50-годишна тетка, од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во Полициската станица Свети Николе, 80-годишна жена од Свети Николе пријавила дека околу 03.00 часот во нејзиниот дом, нејзината внука А.Т.(22) физички ја нападнала и ѝ ги одзела клучевите од куќата. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.03.2024 во 11.20 часот во Полициската станица Кисела Вода било пријавено дека во сместувачки објект на подрачје на Кисела Вода бил пронајден починат Д.Х.(43) од Република Србија. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без видливи траги на насилство, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на одбукција. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.03.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на 01.03.2024 во Комплекс клиники „Мајка Тереза" бил донесен малолетник од с.Љубин, скопско, со тешки телесни повреди. Според пријавеното од неговата мајка, на 01.03.2024 околу 12.50 часот во с.Сарај, скопско, тој бил удрен од мотоцикл управуван од С.Б.(47) од Скопје. Додека, пак, според изјавата на С.Б., малолетникот сам се удрил во мотоциклот, кој му бил паркиран во селото. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за расчистување на случајот. .

На 02.03.2024 во 12.05 часот во СВР Битола било пријавено дека на регионалниот пат Ѓавато-Тополчани, пред надзвоникот за с.Могила, товарно возило „форд" со прилепски регистарски ознаки, управувано од А.Ѓ.(21) од Битола, удрило во велосипед управуван од В.Г.(37) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во Клиничка болница Битола. Известен јавен обвинител, а увид извршил увидна екипа од СВР Битола.

На 01.03.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во с.Јанковец, ресенско, мотоцикл со охридски регистарски ознаки, управуван од малолетник од с.Јанковец, излетал од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од с.Базерник, демихисарско, констатирани во Клиничка болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Ресен.

На 02.03..2024 во 23.30 часот, И.Б.(45) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Исеин Акиоски" во Кичево неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 02.03.2024 во 12.20 часот во Полициската станица Битола, П.Б.(71) од Битола пријавил дека на ул.„Крушевска Република" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 02.03.2024 во 12.15 часот во Полициската станица Битола, Д.Т.(49) од Битола пријавила дека во двор на средно училиште во Битола била касната од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет